УДК: 316.341.633:
316.323.5(497.7-35)„13“

Бобан ПЕТРОВСКИ

# КАТЕГОРИИ ЗАВИСНО НАСЕЛЕНИЕ И РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО ШТИПСКАТА ОБЛАСТ ВО XIV-ОТ ВЕК

Информации за социјално-економските прилики во Штипската област[1] наоѓаме во изворните сведоштва од времето набргу по нејзиното паѓање под српска власт. Имено, првичните изворни свидетелства за посоченава проблематика се датирани од триесеттите години на XIV-от век, а такви има, иако малубројни, сè до претпоследната деценија на векот.

Врз основа на податоците кои ги добивме од правните документи издадени на и/или од високодостојниците во Штипската област, дојдовме до сознание дека групата феудално зависно население се означувала со општиот термин лѭуде, лѭдие, лѭди (луѓе). Во зависност пак од социјално-првната положба изворно засведоченото зависно население во Областа се делело на следниве категории: парици, отроци (Власи и Арбанаси).[2]

*Парицит̄е* (парикы)[3] биле основна, а воедно и најмногубројна категорија феудално зависно население. Тие биле претежно селско

---

[1] Со цел нашиот научен интерес просторно да го лоцираме, поимот Штипската област го користиме како terminus technicus. Неа ја поистоветуваме со територијата на општините Штип и Карбинци, според територијалната поделба на Република Македонија од 1996 година, сп. Општините во Република Македонија, Скопје 1998, 191-192, 370-373.

[2] Сп. Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век, София 1958 (понатаму: Аграрните отношения), 92 кој ги придодава и сокалниците како засебна категорија феудално зависно население. Слично и А. Соловјев, Сокалници и отроци у упоредно-историскої светлости, ГСНД књ. XIX, Скопље 1938 (понатаму: Сокалници и отроци), 103-131 (особено 124 и 130). Според М. Андреев-Д. Ангелов, История на Българската държава и право, София 1959 (понатаму: Държава и право), 129-131, зависното население се делело на парици, отроци и техничари (занаетчии).

[3] Терминот парик, парици ретко се среќава во српските грамоти и тоа само во оние што се однесуваат на освоената византиска територија (Д. Ангелов, Аграрните отношения,

земјоделско население, но оваа категорија во својот состав вклучувала и занаетчии и свештеници. Ги имало не само непосредно зависни од централната власт и на имотите на световните високодостојници, туку и по манастирските поседи и тоа, како во селата така и во градовите. Во српските повелби и кога директно не станува збор за парици, треба да се подразбере нивното постоење, од причини што за зависното население на манастирските имоти се употребува општата одредница „луѓе"[4], а бидејќи париците биле далеку најмногубројно зависно население, најголема е веројатноста дека станува збор токму за оваа категорија феудално зависно население. Од друга страна, за останатите категории зависно население, секогаш кога се споменуваат, речиси облигаторно е наведувањето на нивната припадност кон некоја од посочените категории зависно население, што не е случај со париците.

Распространетоста на париците односно воопшто земјоделското население во Штипската област индиректно може да се согледа од засведочената одработна рента со која била обременета оваа категорија зависно население, за што зборуваме на соодветно место во текстов.

Непосредните сведоштва за постоењето парици во Штипската област се содржани во повелбите уште од најраното српско присуство во овие предели.

Во две повелби издадени од кралот Душан во триесеттите години на XIV век за светогорскиот манастир Хилендар, со кои се потврдува дарот на локалниот високодостојник Хреља, во кој се вклучени и имоти во Штип, се чини, станува збор за присуство на парици во градот. Во првата Душанова повелба се вели дека кон црквата Архистратег (Архангел) Михаил од штипското подградие се придодадени „50 луѓе" (·н·

---

93 бел. 3). Наспроти него фреквентен е терминот меропах, меропси, сп. Т. Тарановски, Историја српског права у Немањићкој држави. Класици југословенског права, 12. Београд 1996 (понатаму: Историја српског права), 84.

[4] Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Стефана. ГСУД, књига X, Београд 1870 (понатаму: Хрисовуља), 292. Сп. и Т. Тарановски, Историја српског Права, 84-85, кој вели дека кога во грамотите се споменуваат „луѓе" се мисли на меропси.

луѓи), поименично наведени.[5] Во втората Душанова повелба само се вели дека Хреља, кон црквата Свети Архангел (Михаил), приложил 50 куќи (·н· коукьь).[6] Во една византиска царска повелба, издадена најверојатно од Андроник III во почетокот на четириесеттите години на XIV век[7], со која се потврдува дарот на Хреља на Хилендар, имаме експлицитно свидетелство за присуство на парици во Штип. Имено, во повелбата, меѓу другото, се вели дека од штипското подградие се подаруваат „50 парички стаси" (στάσεις παροικικάς πεντήκοντα).[8] Индиректен спомен за парици во Штип се сретнува и во Душановата царска повелба за формирањето на Злетовската епископија од 1347 година, во која, 20 куќи од Штип се предадени под нејзина власт. Притоа, освен поименичното набројување на „луѓето", старешини на куќите, наведен е и еден значаен податок. Имено, се споменува дека куќите се подвластуваат на Лесновската црква заедно со нивните баштини.[9] Токму преку ова сведоштво се насетува паричката припадност на овие штипски куќи, бидејќи парикот секогаш се давал заедно со неговата баштинска земја.[10] Потврда

---

[5] Кај С. Новаковиќ (Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912 (понатаму: Законски споменици), 402-403) повелбата е дадена во скратена верзија; Фр. Миклошиќ (Monumenta Serbica Spectantia Historiam Serbiae, Bosnae, Ragusii. Edidit Fr. Miklosich, Viennae 1858 (понатаму: Monumenta Serbica), 62-63) неа ја дава во целост. Во изданието на оваа иста повелба кај Б. Кораблев (Actes de Chilandar. Deuxième partie. Slaves Grecs. Publiés par B. Korablev, Петроградъ 1915 (понатаму: Chilandar II), 459) за 50-те подарени луѓе експлицитно се наведува дека се парици „стась париčьких ·н·". Спореди и Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, Прилеп 1988 (понатаму: Српски грамоти), 134-137. Во современата историографија постојат мислења дека повелбата е подоцнежен фалсификат, сп. С. Ћирковић, Хрељин поклон Хиландару. ЗРВИ. XXI, Београд 1982 (понатаму: Хрељин поклон), 104-105.

[6] Повелбата има две верзии, со дата 1336 и 1334 година, сп. С. Новаковић, Законски споменици, 400; Chilandar II, 459-461; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти, 131-134.

[7] P. Schreiner, La chronique brève de 1352. Texte, traduction et commentaire, Orientalia Christiana Periodica, Fasciculus II, Roma 1965, 344; С. Ћирковић, Хрељин поклон, 108.

[8] Actes de Chilandar. Première partie. Actes Grecs. Publies par L. Petit, Санктпетерсбургъ 1911 (понатаму: Chilandar I), 275-276.

[9] Архимандрит Леонид, Хрисовуља, 292.

[10] Г. Острогорски, Проблеми из историје византијског сељаштва. О византијском феудализму - сабрана дела Георгија Острогорског, књига прва, Београд 1969 (понатаму: Сабрана дела I), 393-394; Д. Ангелов, Аграрните отношения, 96.

дека терминот „луѓи", користен за означување на феудално зависно население, најчесто се употребувал за означување токму на париците наоѓаме и во Општата Хилендарска повелба од 1348 година во која цар Душан му потврдува на Хилендар „50 стаси со луѓе" (·н· стаси сь людми) во Штип.[11] Имено, стасите означувале куќа или неколку објекти, со двор односно градина оградена со плот, потоа ораница, а понекогаш и лозје и овоштарник.[12] Тоа индицира приватна сопственост односно предуслов за постоење имоти (баштини) во личен посед, имот кој, пак, се поврзува исклучиво со категоријата зависно население парици, какво што е еклатантното сведоштво во презентираната византиска царска повелба.

И во времето на власта на браќата деспот Јован Драгаш и господин Константин во Штип[13], во четири повелби е засведочено присуство на парици во градот. Првата е заедничка на двајцата браќа за манастирот Хилендар издадена на 1 јуни 1377 година, со која се потврдува дарот на штипскиот челник Станислав, при што е наведена и црквата Свети Власиј со „луѓето" што ги има во градот.[14] Следната е Константинова од јуни 1379 година, а се однесува на потврда на дарот на војводата Димитар за Хилендар, кој се состоел од три села во Штипската област (Козјак, Рурак и Криви Дол), при што се вели дека со „луѓето" кои живеат во споменатите села да не владее никој освен манастирот Хилендар.[15] Со повелбата од 15 август 1381 година Константин му го потврдува на Хилендар Лесновскиот манастир, во Штип се подаруваат 20 куќи со нивните баштини и чабри.[16] Според истражувањата и сознанијата до кои

---

[11] Chilandar II, 496; С. Новаковић, Законски споменици, 422.

[12] Г. Острогорски, Византијски практици, Сабрана дела I, 42; М. Андреев-Д. Ангелов, Държава и право, 127; К. Јиречек, Историја Срба. Друга свеска (до 1537), Београд 1923 (понатаму: Историја Срба II), 37.

[13] Terminus ante quem за присуството на браќата деспот Јован Драгаш и господин Константин во Штип и Штипската област претставува нивната прва заедничка повелба чие составување се датира во периодот 1372-1375 година (сп. Actes de Saint–Pantéléèmôn. Ed. P. Lemerle, G. Dragon, S. Circovic, Paris 1982 (понатаму: Saint-Pantéléèmôn), 169-172), а последниот директен изворен податок за Константиновата власт на овој простор претставува неговата повелба од 1388 година издадена токму во Штип (сп. С. Новаковић, Законски споменици, 767).

[14] Chilandar II, 534; С. Новаковић, Законски споменици, 453.

[15] С. Новаковић, Законски споменици, 457; Chilandar II, 538.

[16] Chilandar II, 543; С. Новаковић, Законски споменици, 455.

дошол еден од современите видни специјалисти за оваа проблематика, М. Благојевиќ, токму плаќањето вински десеток или чабур вино било поврзано со обврските на париците.[17] Во Константиновата грамота од 26 март 1388 година, која се однесува на потврда на дарот на војводата Димитар, се споменуваат зависни „луѓе“ кои се ослободуваат од одредени обврски.[18]

Во категоријата парици, освен земјоделско население, како што наведовме погоре во текстот, се сретнуваат уште и занаетчии и свештеници. За присуство на занаетчии меѓу париците изворни сведоштва имаме во две Душанови повелби каде што се наведуваат нивните имиња и занаетите за кои биле оспособени. Во споменатата прва Душанова повелба за потврда на дарот на Хреља, меѓу 50-те зависни луѓе кои се подарени кон црквата Архистратег (Архангел) Михаил[19] наведени се Никола ѕидар, Туде син на техничар (мајстор),[20] двајца ковачи – Герго и Братило, двајца цегари (мајстори за обувки)[21] Лејо и Никола, Ѓорѓи златар и Стрезо клобучар (мајстор за шапки).[22] Еден ковач со име Никола наведен е и во Душановата повелба за Злетовската епископија од 1347 година, во која, исто така се споменуваат и два попа, извесните Рудл и Баја.[23]

Категоријата *отроци* го сочинувала најнискиот слој зависно население и тоа, како во социјален така и во правен поглед. За нив постојат

---

[17] М.Благојевић, Земљорадња у средњовековној Србији, Београд 1973 (понатаму: Земљорадња), 400 бел. 85.

[18] С. Новаковић, Законски споменици, 767.

[19] Fr. Miklosich, Monumenta Serbica, 62-63.

[20] Спореди: Т. Томоски, Македонија низ вековите – градови, тврдини, комуникации, Скопје 1999 (понатаму: Македонија низ вековите), 212; С. Ћирковић, Штип у XIV веку. Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, Скопје 1986 (понатаму: Штип у XIV веку), 35.

[21] Т. Томоски, Македонија низ вековите, 212; С. Ћирковић, Штип у XIV веку, 35.

[22] К. Јиречек, Историја Срба II, 58; С. Ћирковић, Штип у XIV веку, 35.

[23] Архимандрит Леонид, Хрисовуља, 292. Сп. и: Р. Грујић, Скопска митрополија. Историски преглед до обновљења Српске Патријаршије 1920 г., Скопље 1935 (понатаму: Скопска митрополија), 106; М. Благојевић, Земљорадња, 347.

мислења дека се идентични со робовите, при што се делат на домашни и аграрни.[24] Првите, домашни или дворски отроци, живееле на дворовите на господарите, а вторите, аграрните отроци, живееле на селата заедно со париците, постепено изедначувајќи се со нив. Овие аграрни отроци понекогаш, наместо аграрните работи, имале должност да вршат лична послуга, која, најверојатно, потекнува од нивната првобитна должност на господарскиот двор. Токму за една ваква нивна должност во Штипската област поседуваме изворни сведоштва. Во посочената прва Душанова повелба за Хилендар за потврда на дарот на Хреља, положбата на отроците во градот Штип е одредена според „ꙁаконь подьградию". Притоа, постоеле две категории отроци: едните имале обврска лично со коњ да го придружуваат икономот (на манастирот) кога тој одел во посета на кралот или по некоја друга работа, при што законот забранувал на отроците да им сеземаат коњите или да им се товараат без нивно учество; другите – отроците без коњи биле должни да ораат по еден ден наесен и напролет, со обврска, посеаното да го ожнеат и овршат, а исто така биле должни и еден ден во годината да работат на лозје.[25]

Отроци поседувале не само крупните манастири, но и световните феудалци. Во Штипската област изворно присуство на световни отроци се сретнува во грамотата на цар Душан од 28 мај 1350 за потврда на имотите на Иванко Пробештитовиќ, каде, во градот Штип поименично се наведуваат 9 отроци, сопственост на Иванко, кои тој ги подарил на изградената од него црква Св. Јован Крстител.[26]

Во истата повелба сретнуваме и единствен спомен за присуство на *Власи и Арбанаси* во Штипската област. Во повелбата, имено, во

---

[24] За отроците опширно расправа Т. Тарановски, Историја српског Права, 114-122. Сп. и: К. Јиречек, Историја Срба II, 24; А. Соловјев, Сокалници и отроци, 124, 130. Според Д. Ангелов (Аграрните отношения, 110-113) отроците биле преодна категорија од робови кон парици.

[25] Chilandar II, 459; С. Новаковић, Законски споменици, 402; Fr. Miklosich, Monumenta Serbica, 62-63. Сп. и Т. Томоски, Македонија низ вековите, 212.

[26] Chilandar II, 513; С. Новаковић, Законски споменици, 305, 306; Сп. и А. Соловјев, Одабрани споменици српског права (од XII до краја XV века), Београд 1926 (понатаму: Одабрани споменици), 151.

склопот на наброените 9 Иванкови отроци се наведени двајца Власи (Маноо и Драгославь) и еден Арбанасин (Гинь).[27] Освен етничко потекло овие изрази би можеле да означуваат и занимања.[28] Имено, изразот Арбанасин можел да биде употребен и за сточар, исто како и изразот Влав.[29] Власите и Арбанасите биле претежно сточарско население задолжени да ги чуваат овците и кобилите на владетелот. За распространетоста на оваа категорија зависно население индиректни податоци се добиваат и од засведочените давачки во натура поврзани со сточарството, со кои најчесто биле наложени Власите и Арбанасите, за што говориме подолу во текстот. Но, сите овие (двајцата Власи и Арбанасинот) во повелбата се подведени под категоријата отроци, со што им е одреден нивниот статус во рамките на зависното население.

Во изворите се зачувани и податоци за феудалните задолженија на населението, изразени преку феудална рента, која ја сочинувале три категории задолженија: *одработни, натурални и парични*. Информациите за нивното постоење до нас се дојдени преку одредбите во повелбите кои целосно или делумно се однесуваат на Штип и Штипската област за ослободување на зависното население од одредени обврски, задолженија и давачки што ги имало кон претходниот господар, при што, тие автоматски преминувале да се извршуваат во полза на новиот феудален господар односно на сопствениците на грамотите на кои им бил доделен односниот имунитет.

Сепак, обврските кои ги наведуваме во продолжение на текстот не значи дека се единствените со кои било обременето зависното население, туку само единствени изворно засведочени задолженија.

---

[27] Chilandar II, 513; С. Новаковић, Законски споменици, 306; А. Соловјев, Одабрани споменици, 151.

[28] Меѓу деветте Иванкови отроци се споменуваат и двајца Срби, кои исто така би можеле да означуваат занимање. Имено, изразот Србин можел да се употреби и за земјоделец, сп. Т. Тарановски, Историја српског Права, 84; К. Јиречек, Историја Срба II, 22; М. Благојевић, Земљорадња, 380.

[29] Сп. Т. Тарановски, Историја српског Права, 108; К. Јиречек, Историја Срба II, 22; Д. Ангелов, Аграрните отношения, 104.

Во двете Душанови повелби за Хилендар со кои се потврдува дарот на Хреља, во кој се вклучени имоти во Штип, преку ослободување на зависното население од разни задолженија, всушност добиваме известие за доделените имунитетни одредби на Хилендар врз овие имоти и луѓе.

Во првата повелба зависното население се ослободува од „малихь и великыхь работь".[30] Вакво генерално ослободување од одработната рента се среќава во мноштво повелби, но сепак се јавувала потреба тоа попрецизно да се одреди, при што во продолжение се наведувале работите од кои всушност се ослободувало зависното население од извршување во корист на новиот за сметка на претходниот феудален господар.[31] Таков е случајот и со посоченава грамота. Имено, зависното население се ослободувало: и од град (работна обврска – задолжение да се ѕида или одржува градот и да се учествува во чувањето на градот)[32], позоб (давачка во натура – обврска да се дава зоб и сено за коњите на феудалците при нивниот престој во одредено место), поклисар (работна обврска – задолжение да се придружува пратеништво)[33] и псар (давачка во натура – давање стан и храна на владетелските одгледувачи на кучиња во време на лов).

Во втората грамота[34] зависното население се ослободува од псар, градоѕидание (работна обврска – задолжение да се ѕида, поправа градската тврдина), градобљудение (работна обврска – задолжение да се чува градот), сено, жетва, вршење, плетва (работна обврска – најверојатно, плевење на житното семе при вршидбата)[35], приселица (давачка во

---

[30] С. Новаковић, Законски споменици, 403; Fr. Miklosich, Monumenta Serbica, 63.

[31] Спореди на пример и во Општата Хилендарска повелба: Chilandar II, 497; С. Новаковић, Законски споменици, 423.

[32] Т. Тарановски, Историја српског Права, 133; Т. Томоски, Македонија низ вековите, 186.

[33] Т. Тарановски, Историја српског Права, 94; Р. Грујић, Скопска митрополија, 112; Т. Томоски, Македонија низ вековите, 186.

[34] Chilandar II, 460-461; С. Новаковић, Законски споменици, 401.

[35] За земјоделските работи жнеење, вршење и плевење опширно кај М. Благојевић, Земљорадња, 120-131.

натура – давање конак, храна и коњи за јавање и пренесување товар на чиновниците при нивниот престој во некое место)[36] и котел (судска постапка со носење на усвитено железо од прагот на црквата до олтарот или вадење железо од врела вода како начин за докажување невиност). Исто така од планините кои се наоѓаат над споменатите имоти (во Штипската област се споменати имоти во Штип, селцето Карбинци и селата во Лакавица) зависното население се ослободува од давање зимовишта (парична давачка која се однесува на сточарите и земјоделците кои би ја користеле црковната земја преку зима за прибирање на добитокот во зимовишта)[37], планиниотик и иномистра[38] и секое друго задолжение мало и големо во иднина ќе го зема црквата.

Во Душановата повелба за формирањето на Злетовската епископија од 1347 година[39], во која и одредени имоти во Штип и околината се предадени под нејзина власт, се ослободуваат од сите работи големи и мали кои сега преминуваат врз манастирот и уште од пис (давачка во натура – надомест за попис на лица задолжени за оданочување и работа)[40], позоб, приселица, наметок (придонес), приплата[41], царски подарок (давачка во натура – давање подароци на владетелот)[42], од град, од провод

---

[36] К. Јиречек, Историја Срба II, 52; Т. Томоски, Македонија низ вековите, 185. Но, М. Благојевиќ (Оброк и приселица. Историјски часопис, Књига XVIII, Београд 1971, 165-188) вели дека ваквото објаснување всушност се однесува на задолжението оброк (стр. 175), додека приселица означувало заеднички надомест за штета која би ја направиле разбојници во одредено место на некоја личност однадвор (стр. 178).

[37] Т. Томоски, Македонија низ вековите, 238.

[38] Според Т. Томоски (Македонија низ вековите, 213) најверојатно се работи за парични давачки кои всушност биле такси за користење на планините и планинските пасишта. Но, Д. Ангелов (Аграрните отношения, 221) смета дека иномистрата се плаќала во натура и била блиска со натуралната давачка тревнина.

[39] Архимандрит Леонид, Хрисовуља, 292, 294.

[40] Р. Грујић, Скопска митрополија, 112; Т. Томоски, Македонија низ вековите, 185.

[41] Д. Ангелов (Аграрните отношения, 215) не може да утврди што таа точно претставувала, но според Р. Грујиќ (Скопска митрополија, 112) и Т. Томоски (Македонија низ вековите, 185-186) станува збор за придонес за жупски чиновници.

[42] Според Р. Грујиќ (Скопска митрополија, 112) и Т. Томоски (Македонија низ вековите, 186) овие подароци се давале во деновите на големи црковни празници, но според Т. Тарановски (Историја српског Права, 133) тие се давале на владетелот во вонредни околности кога тој имал некоја свеченост на дворот од типот на крштевки или свадби.

на поклисар, од глоба (парична давачка) и поданок (придонес), тревнина (надомест за користење на пасишта)[43], псар и геракар (давачка во натура – давање стан и храна на владетелските одгледувачи на сокли во време на лов)[44], од секаков господски понос (работно задолжение – обврска да се носат хранителни и други продукти за потребите на феудалците), од соќе (парична давачка – данок на земја), димнина (парична давачка – данок на огниште), перперок (парична давачка – основен данок на зависното население – царска пара), од десеток житен и вински и секој десеток жив и наметок (придонес) свински и овчи, од војска (учество во војна и одбрана на земјата), орање (на ниви), копање[45] и од други работни обврски и уште од вражда (парична давачка – за убиство, за силување, за кражба на коњ – доколку делото се случило во црковниот метох), а црквата во иднина ќе ја зема и сета глоба.

Во Душановата грамота за потврда на имотите на Иванко Пробештитовиќ, тој се ослободува од сите работи мали и големи и кое било подание (поданок), од соќе, приселица и од секакви други налози.[46]

Имунитетни одредби од кои се согледуваат задолженијата на зависното население во Штипската област се сретнуваат и во четирите претходно споменати повелби од времето на власта на браќата деспот Јован Драгаш и господин Константин во Штип. Од првата грамота дознаваме дека црквата Свети Власиј во Штип имала луѓе во градот и три села во Штипската област (Вардишта, Благви и Тагахинци) и тие се ослободуваат од тревнина, жировнина (давачка во натура – надомест за користење желад од дабова шума), косење сено, градоѕидание и од сите работи мали и големи.[47] Имотите наброени во втората повелба се осло-

---

[43] Според Т. Томоски (Македонија низ вековите, 186) тревнината е парична, а според К. Јиречек (Историја Срба II, 51) и Д. Ангелов (Аграрните отношения, 220), кој се повикува на Душановиот законик, станува збор за давачка во натура.

[44] Геракар е грчко име за соколар, сп. Т. Томоски, Македонија низ вековите, 186 бел. 72.

[45] Т. Томоски (Македонија низ вековите, 186) оваа работна обврска ја поврзува со лозарството – копање на лозјата.

[46] Chilandar II, 514; С. Новаковић, Законски споменици, 305, 306. А. Соловјев, Одабрани споменици, 151.

[47] С. Новаковић, Законски споменици, 453.

бодуваат од сите работи и поданок големи и мали, и од позоб, псар, од секаков десеток и од сенокос, тревнина, жировнина, понос, наметок, град, провод, приселица и котел.[48] Оние имоти пак, наведени во третата грамота се ослободуваат од сите работи, од поданок, приселица, наметок, град, провод, глоба, тревнина, понос господски, соќе, десеток житен и вински и секој десеток жив, и уште од војска и орање и копање, односно од сите работи големи и мали.[49] Во последната повелба Константин го потврдува ослободувањето на луѓето од сите работи големи и мали, и од позоб, псар и од десеток житен, вински и пчелен, и од тревнина овча и жировнина, и од сенокос, понос, наметок, градоѕидание, вражда, приселица и од котел. Сета глоба, притоа, и припаднала на црквата, а за зависното население бил надлежен судот на игуменот.[50]

Широкиот спектар на претходно наведените задолженија, обврски и давачки на зависното население, како и постоењето и различната застапеност на неколкуте категории зависно население ни овозможуваат добивање сознанија за видот и степенот на развиток на стопанството на тлото на Штипската област.

Најзастапена стопанска гранка била *земјоделсшвошо*. Тоа заземало челно место во стопанството во Македонија воопшто, а сосема идентичен е случајот и со Штипската област. За неговата раширеност индиректни информации се добиваат преку податоците за застапеноста на париците, кои првенствено се земјоделско население. Нивната доминантна бројност над останатите категории зависно население имплицира логичен заклучок за тоа која стопанска гранка била најзастапена. Кон тоа се надоврзува и давањето на општиот земјишен данок соќе.

За видот на земјоделските работи и земјоделските култури полезни податоци се содржани во имунитетните одредби кај горепосочените повелби, презентирани како разни одработни задолженија со кои било обременето зависното население.

---

[48] Исто, 456.

[49] Chilandar II, 543; С. Новаковић, Законски споменици, 455.

[50] С. Новаковић, Законски споменици, 767.

Според нив, најраспространето било одгледувањето жито, за кое се споменува речиси во сите грамоти. Со него се поврзани споменатите многубројни подарени ниви во повелбите на кои се одгледувало житото, како и работните задолженија орање, вршење, жнеење и житниот десеток со кои било задолжено зависното население.

Поврзано со обработката на житото се споменатите во изворите воденици или млини. Тие постоеле во градот Штип, најверојатно најмногу на реката Брегалница[51], но и во целата Штипска област. Имено, во првата Душанова повелба за Хилендар, со која се потврдува дарот на Хреља, се вели дека Хреља купил воденици во Штип и ѝ ги подарил на штипската црква Архангел Михаил[52], а нив Душан ги потврдува и во Општата хилендарска грамота.[53] За една воденица, која му припаѓала на извесен Крајмир, а по неговата смрт му припаднала на владетелот, се споменува во Душановата повелба за формирањето на Злетовската епископија[54], а неа ја потврдува и Константин во неговата грамота за потврда на Лесновскиот манастир на Хилендар.[55] Во Константиновата повелба, пак, за потврда на дарот на војводата Димитар, во имотите на црквата Вознесение се споменуваат две воденици, за кои не може да се утврди дали се наоѓале во градот или во околината.[56] Но, затоа, во Константинова грамота за Хилендар за потврда на трите села кои ги подарува војводата Димитар, селото Козјак е подарено заедно со воденици (млини)[57] кои најверојатно се наоѓале на блиската Козјачка река.

Поаѓајќи од податоците содржани во повелбите, според застапеноста на стопанските гранки, веднаш зад земјоделството, следувало *сточарството*, чиј развој бил овозможен од самата конфигурација на

[51] Сп. (Ѓорче Петров) Материали по изучванието на Македония, София 1896, 652, кој вели дека штипските воденици се наоѓале на реката Брегалница.

[52] С. Новаковић, Законски споменици, 402; Chilandar II, 459-460.

[53] С. Новаковић, Законски споменици, 422; Chilandar II, 496.

[54] Архимандрит Леонид, Хрисовуља, 292.

[55] С. Новаковић, Законски споменици, 455; Chilandar II, 543.

[56] С. Новаковић, Законски споменици, 766.

[57] С. Новаковић, Законски споменици, 456; Chilandar II, 538.

теренот на Штипската област. Имено, во составот на Областа влегувале западните поли на планината Плачковица, кои, со своите пасишта и планински ливади нуделе благопријатни можности за одгледување добиток во летните месеци. Од друга страна, јужниот дел од Овчеполието, кој исто така се наоѓал во рамките на Штипската област, овозможувал зимски престој на добитокот. За неговото чување биле ангажирани Власите и Арбанасите, чие присуство во Штипската област е засведочно во посочената Душанова повелба за потврда на имотите на Иванко Пробештитовиќ, каде што се споменуваат двајца Власи и еден Арбанасин.[58]

Сточарството било застапено со одгледување крупен и ситен добиток. Од првиот предничеле коњите, кои биле од стратешко значење, а со нивното одгледување се врзани и даноците провод, позоб, понос и приселица. За нив непосредни изворни податоци се сретнуваат во првата Душанова повелба за Хилендар за потврда на дарот на Хреља каде што како сопственици на коњи се јавуваат отроци, поради што, имале обврска лично со коњите да го придружуваат икономот на манастирот кога минувал низ Областа.[59] Потоа следувале говедата кои биле основната влечна сила и служеле за обработка – орање на нивите и превезување на житото, снопјето и сеното. Од ситниот добиток најраспространето било одгледувањето на овци, но и на свињи. Со овчарството се поврзани претходно споменуваните даноци: зимовиште, наметок овчи, десеток овчи и древнина; а со свињарството: жировнина (желадовина) и наметок свински. Воопшто со одгледување на добитокот се поврзани даноците десеток од сета жива стока (всакого десетка живаго) иномистра и планиниотик, како и работното задолжение косење сено.

*Трговијата* била исто така присутна во Штипската област, а градот Штип бил нејзин центар. Во штипското подградие постоело одредено

[58] Chilandar II, 513; С. Новаковић, Законски споменици, 305, 306. А. Соловјев, Одабрани споменици, 151.

[59] С. Новаковић, Законски споменици, 402; Fr. Miklosich, Monumenta Serbica, 63.

место за тргување во изворите именувано како „трьгь штипьски".[60] Директни изворни податоци за видот, обемот и начинот на кој се тргувало со стоката на штипскиот пазар не постојат. Единствено засведочено е постоењето на купопродажни трансакции кои ги извршувале повластеното и подвластеното население во Областа. Ваквото тргување најверојатно било парично. Во изворите, со еден исклучок, нема податоци за видот на користените монети во Штипската област. Најверојатно, како што Штипската област бивала инкорпорирана во составот на некоја држава или кнежество, се воведувале во употреба нивните монети. Оттука, логично би било да се претпостави користењето на монети од византиска и српска провениенција, но и монети ковани од деспот Јован Драгаш и господин Константин. Сепак, изворни податоци имаме само за употребата на венецијански перпери во Штипската област. Имено, од Константиновата повелба од 1388 година за потврда на дарот на војводата Димитар се забележува дека во овој временски период во Областа многу фреквентни биле токму венецијанските монети бидејќи сите купопродажни трансакции се направени со нив.[61] Дури и санкцијата во повелбата е изразена во венецијански монети. Освен парична, најверојатно, постоела и натурална трговија за чие присуство индиции наоѓаме во многубројните натурални давачки. Световните и духовните феудалци, имено, не можеле да ги консумираат сите продукти добиени од зависното население по разни основи и затоа биле упатени вишокот производи да го продадат на пазарот.[62]

Според изворно засведочените податоци во гореспоменатите повелби во Штипската област на цена било и *лозарството*.[63] Лозја имало во околијата на градот Штип, но и во целата Штипска област. Изворно

[60] С. Новаковић, Законски споменици, 400, 402; Fr. Miklosich, Monumenta Serbica, 63; Chilandar II, 460.

[61] С. Новаковић, Законски споменици, 765-768; Saint-Pantéléèmôn, 180-181.

[62] Д. Ангелов, Аграрните отношения, 233.

[63] За лозарството воопшто, како и за обработката на лозовите насади опширно кај М. Благојевић, Земљорадња, 131-162.

лозовите насади во најголем број случаи се именувани како виногради, но и лозја.[64] Од Душановите повелби дознаваме дека лозови насади поседувале штипските цркви Архангел Михаил[65] и Свети Никола поп Сифиева[66], како и властелинчето Иванко Пробештитовиќ, кој нив ги купил од штипските граѓани.[67] Во Константиновите повелби се содржани информации дека во втората половина на XIV век црквата Свети Никола поп Сифиева односно Стериева сè уште поседувала лозја,[68] а лозови насади имала и штипската црква Вознесение (Свети Спас),[69] но и селото Козјак.[70] Со лозарството, се чини, поврзана е и одработната рента копање, а дополнителни информации за оваа стопанска гранка се добиваат и преку задолженијата на зависното население обврзано да дава вински десеток и одреден број чабурки (чьбри – дрвени садови за чување вино)[71] вино.[72]

Одгледувањето *овошки* било исто така застапено во Областа.[73] Единствениот конкретен податок за него се наоѓа во Константиновата повелба за потврда на трите села во Штипската област, каде што селото Козјак се подарува на Хилендар заедно и со „**вокиємь**“.[74]

Во најголем дел од повелбите поврзани со Штипската област има спомен за градини-вртови[75], коешто индицира постоење на развиено *градинарство* во Штипската област.

---

[64] С. Новаковић, Законски споменици, 766.

[65] Исто, 402, 404; Chilandar II, 460; потврдени со Општата Хилендарска повелба во 1348 година, сп. С. Новаковић, Законски споменици, 422; Chilandar II, 496.

[66] Архимандрит Леонид, Хрисовуља, 292.

[67] Chilandar II, 513; С. Новаковић, Законски споменици, 305, 306. А.Соловјев, Одабрани споменици, 151.

[68] Chilandar II, 543; С. Новаковић, Законски споменици, 455.

[69] С. Новаковић, Законски споменици, 766.

[70] С. Новаковић, Законски споменици, 456; Chilandar II, 538.

[71] Д. Ангелов, Аграрните отношения, 207 бел. 1.

[72] Chilandar II, 543; С. Новаковић, Законски споменици, 455.

[73] За овоштарството воопшто, опширно кај М. Благојевић, Земљорадња, 162-169.

[74] С. Новаковић, Законски споменици, 456; Chilandar II, 538.

[75] Во повелбите се споменуваат или градини или вртови, но во Константиновата повелба од 1388 година се споменуваат и градини и вртови, сп. С. Новаковић, Законски споменици, 766.

Сличен е случајот и со *пчеларството* за чие постоење имаме само едно индиректно сведоштво содржано во Константиновата повелба од 1388 година во која зависното население се ослободува од „десетка пчелнога“.[76]

Во Штипската област застапен бил и *ловот*. За негово постоење индиректни податоци се добиваат од давачките псар и геракар кои зависното население било должно да ги обезбеди за одгледувачите на владетелските кучиња односно сокли. Овие давачки изворно се засведочени во: двете Душанови кралски повелби и во Константиновите од јуни 1379 и од 1388 година (ослободување на зависното население од псар) и Душановата царска повелба од 1347 година (ослободување на зависното население од псар и геракар).

(Рецензент: *Проф. д-р Коста Аџиевски*)

***Клучни зборови:*** *Штипска област, зависно население, парици, отроци, власи, арбанаси, феудални задолженија, стопанство.*

---

[76] Исто, 767.

## SUMMARY

Boban PETROVSKI

## CATEGORIES OF FEUDAL DEPENDENT POPULATION AND DEVELOPMENT OF THE ECONOMY IN STIP DISTRICT IN THE 14$^{TH}$ CENTURY

Feudal dependent population in Stip district in the 14th Century was known by the term "ljudi" (people). According to the sources, this group of subordinate population in this region have been presented with the categories of so called "Parics, Otrocs (Vlachs and Arbanahs)".

The obligations of the feudal dependent population from all the three kinds of feudal incomes (worked off, in kind and in money), which, as present have been represented in the sources, doesn't mean that are the only ones, but they are just the only authentic and witnessed obligations.

Through the obligations, duties and taxes, as for the different representation of the several categories of the feudal dependent population, we can come to a conclusion about the kind and the degree of the economy development in the Stip district. The most common economic branch was the agriculture, after which was the cattle raising, the trade and the vine growing, and also, the fruit growing, the gardening, the beekeeping and the hunting were present.